Бр. 47-4929/1
Датум: 30.08.2022

2023-2025

# Нацрт-стратешки план

Министерство за транспорт и врски

Одобрил: Благој Бочварски
Министер за транспорт и врски

Изработил: Драган Симоновски
Одделение за стратешко планирање и креирање политики

**Обраќање на Министерот за транспорт и врски:**

Почитувани,

Министерството за транспорт и врски како институција и сервис на граѓаните континуирано презема мерки за унапредување на својата работа и подигнување на нивото на услугите кои ги овозможува. Како резултат на нашитезаложби за транспарентност и цврсто утврдени стандарди при работењето е и овој стратешки документ кој претставува преглед на мерките, проектите и активностите кои ќе ги преземеме во насока на реализација на нашата визија за овозможување современа и развиена инфраструктура во секој сегмент на патниот, железничкиот и воздушниот сообраќај, како и во делот на станбено-комуналните работи.

Нацрт-стратешкиот план се однесува на периодот од следните три години и во него се дефинирани сите наши активности, кои се однесуваат на подобрување на нивото на инвестиции во целокупната инфраструктура, што како крајна цел има подобрување на условите во кои живеат нашите граѓани. Развојот на градежништвото и транспортната инфраструктура претставува двигател на економскиот раст на секоја држава, па оттука и посветеноста на Владата на Република Северна Македонија за финансирање во нивниот развој, унапредување и осовременување.

Се надевам дека преку податоците кои се поместени во нацрт-стратешкиот план на Министерството за транспорт и врски за периодот од 2023 до 2025 година, повеќе ќе ја доближиме нашата работа до сите заинтересирани граѓани и правни лица.

Со почит,

Благој Бочварски

Министер

## 1. Вовед

Стратешкиот план на Министерството за транспорт и врски се основа на потребите за навремено, транспарентно и објективно планирање на процесите, активностите и проектите.

Стратешкиот план е изработен врз основа Упатството за формата, содржината и начинот на подготвување на стратешките планови на министерствата и другите органи на државната управа, Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија, Деловникот на Владата на Република Северна Македонија, како и Законот за буџети.

## 2. Анализа на состојбата

Министерството за транспорт и врски е државна институција која се занимава со задоволување на барањата на корисниците согласно со својот делокруг на работа. Организационата структура се состои од сектори, независни одделенија и органи во состав.

Согласно член 4 од Правилникот за внатрешна организација, работите и задачите во Министерството се вршат во организациски единици: 13 сектори, 3 независни одделенија и 2 органи во состав на министерството.

Во тек е изготвување на Функционална анализа за Министерството за транспорт и врски, со која, меѓу останатото се утврдува дека:

- *Секторот за патен сообраќај и инфраструктура* врши работи кои се однесуваат на внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај, и патната инфраструктура; уредување на односите на учесниците во патниот сообраќај; унапредување на транспортот; грижа за утврдување на стратегија во

транспортната политика; организацијата, развојот и унапредувањето на поштенскиот сообраќај, следење на европската регулатива од областа за која е надлежен и предлагање решенија за вградување на европските директиви и регулативи во домашното законодавство.

- *Секторот за железници* врши работи кои се однесуваат на уредување на областа на железничкиот систем, начинот и условите за обезбедување на услугите од јавен интерес и уредувањето на железничкиот превоз, развојот и унапредувањето на железничкиот сообраќај и инфраструктурата, надзор над законитоста на работата на управителот на инфраструктурата и превозниците, работи од областа на жичарите и ски-лифтовите (услови и начин на изградба, оддржување, управување и превоз на лица), следење на европската регулатива од областа за која е надлежен и предлагање решенија за вградување на европските директиви и регулативи во домашното законодавство.

- *Секторот за стручна поддршка на министерот и односи со јавност* врши работи кои се однесуваат на координирање и обединување на работата на секторите, работи поврзани со односите со јавност, ја организира меѓународната соработка на министерството, организација на обврските на министерот како член на Владата на Република Македонија, организира прием на делегации од земјата и странство, организира конференции за медиумите и сл.

- *Секторот за општи работи* врши работи кои се утврдуваат како општи и заеднички работи за сите сектори и независни одделенија; работи кои се однесуваат на јавните набавки; грижа за движниот и недвижниот имот на на министерството; работи кои се однесуваат на управувањето со архивата на министерството и чување на архивскиот материјал на министерството и вршење на други помошни работи со цел за оптимално функционирање на министерството.

- *Секторот за финансиски прашања* врши работи кои се однесуваат на буџетската координација; буџетската контрола и финансиско-сметководственото работење.

- *Секторот за уредување на просторот* врши работи кои се однесуваат на уредување на условите и начинот на системот на просторното и урбанистичкото планирање,односно изготвување на законска и подзаконска регулатива (стандардите и нормативите за уредување на просторот); стручна ревизија на урбанистичките планови; издавање согласности на предлог-урбанистичките планови; одобрување на урбанистичко планска документација и урбанистичко проектна документација за градби од прва категорија.

- *Секторот за документирање и управување со градежното земјиште* врши работи кои се однесуваат на уредувањето на законската и подзаконската регулатива за условите на градењето,основните барања на градбата, правата и обврските на учесниците во изградбата, проектната документација, употребата и одржувањето и други прашања од значење за градењето како и за уредувањето на прашањата во поглед на градежното земјиште и спроведување на постапките за управување со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија, како иследење и контрола на вршењето на работите за располагање со градежното земјиште од општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

- *Секторот за нормативни и правни работи* врши работи и задачи кои се однесуват на подготвување на законски и подзаконски акти од надлежност на министерството; дава стручни мислења за примена на закони, други прописи и општи акти; дава мислења на прописи подготвени од други органи и институции; ги следи и проучува односите и појавите од интерес за остварувањето на уставноста и законитоста во областите од надлежност на Министерството, ги следи судските спорови во кои како странка се јавува Министерството, изготвува мислења по конкретните судски предмети врз основа на докази и списи од надлежен Сектор, спроведува евиденција за степенот на реализација на судските предмети, врши работи и задачи кои се однесуваат на издавање и одземање на лиценци од областа на градење, издавање и одземање на лиценци од областа на просторно и урбанистичко планирање, издавање и одземање на лиценци за процена на недвижен имот и транспортни средства и издавање и одземање на дозволи за одржување на јавна чистота, води регистри за соодветните лиценци и дозволи, како и врши

следење и контрола на стандардите и инструментите за управување со квалитет во Министерството за транспорт и врски, согласно Законот за воведување на систем за управување со квалитет и заедничка рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба.

- *Секторот за управно - надзорни работи* ги врши работите кои се однесуваат на решавање по жалби и поднесоци на физички и правни лица од областа на изведувањето на градби, утврдувањето правен статус на бесправно изградените објекти, градежното земјиште и акти од градоначалниците донесени во прв степен од надлежност на министерството; врши надзор над законитоста на работата на органите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје при остварување на нивните надлежности од областа на превозот, јавните патишта, урбанистичкото и просторно планирање, изведувањето на градби, бесправно изградените објекти, комуналните работи и домувањето.

- *Секторот за станбено - комунални работи и инфраструктура* врши работи кои се однесуваат на станбените и комуналните работи, соодветната инфраструктура; имплементација на проектите од областа на станбените, комуналните работи и инфраструктурата.

- *Секторот за воздухопловство* врши работи кои се однесуваат на уредување на условите и начинот на вршење на дејностите од областа на воздухопловството, односно воспоставување на систем и процедури со цел да се обезбеди усогласеност на националното законодавство од областа на воздухопловството со меѓународните воздухопловни стандарди, препорачаните практики и легислативата на ЕУ, ИЦАО, ЕЦАЦ, ЈАА/ЕАСА и ЕУРОКОНТРОЛ, ја подготвува и ажурира националната стратегија за развој на воздухопловството; ја реализира политиката на Владата на Република Македонија од областа на воздухопловството; ја спроведува политиката на Владата на Република Македонија при доделување на концесии од областа на воздухопловството; ја следи реализацијата на склучените Договори од областа на воздухопловството; редовно ја информира Владата на Република Македонија за правата и обврските кои произлегуваат од склучените Договори; предлага и подготвува закони и подзаконски акти од областа на

воздухопловството;предлага мерки и активности за зголемување на нивото на безбедност на воздушниот сообраќај.

- *Секторот за Европска Унија* врши работи на координација меѓу органот од Владата на Република Македонија надлежен за европските прашања и министерството согласно Спогодбата за стабилизација и асоцијација, Националната програма за усвојување на правото на ЕУ, обврските кои произлегуваат од Акциониот план за Европското партнерство; врши работи кои се однесуваат на следење на директивите и регулативите на ЕУ од надлежност на министерството; врши координација и реализација на проектите од Програмите на ЕУ од областа на транспортот; врши работи и задачи кои се однесуваат на анализа на спроведувањето на интеграцијата во Европската Унија од аспект на надлежностите на министерството; работи поврзани со градење на институциите-планирање и предлози за реализирање на обуки поврзани со ЕУ.

- *Секторот за прекршоци* врши работи кои се однесуваат на водењето на прекршочни постапки по повод поднесените барања за покренување на прекршочна постапка; донесува решенија во врска со поднесените барања; постапува по поднесените тужби до Управниот суд на Република Македонија; ги следи завршените постапки по прекршоците; превзема дејствија за извршување на прекршоците, подготвува документација за наплата на прекршоците и води евиденција на изречените глоби.

- *Капетанијата на пристаништата, како орган во состав на Министерството,* врши работи кои се однесуваат на уредување на односите на учесниците во внатрешната (езерска и речна) пловидба.

- *Управата за сигурност во железничкиот систем, како орган во состав на министерството,* издава потврда за пуштање во употреба на структурните потсистеми кои го сочинуваат железничкиот систем во согласност со закон, врши проверка на системот дека функционира и се одржува во согласност со релевантните основни барања, врши надзор на составните делови на интеропаребилност кои се во согласност со основните барања согласно со закон, издава потврда за пуштање во употреба на ново и значително изменето

железничко возило кое сè уште не е во согласност со техничките спецификации за интероперабилност, издава, обновува, дополнува и повлекува сертификат за сигурност и одобрение за сигурност, издадени согласно со закон и проверува дека условите и барањата се исполнети, предлага измени на прописите од областа за сигурноста на железничкиот систем и врши надзор над железничките возила дека се регистрирани во Националниот регистар за железнички возила и дека информациите за сигурност што ги содржи регистарот се точни и ажурирани.

- *Одделението за внатрешна ревизија* организира внатрешна ревизија на целокупното работење на Министерството, собира податоци за остварување на внатрешната ревизија, предлага мерки по извршената внатрешна ревизија.

- *Одделението за управување со човечки ресурси* врши работи од областа на работните односи, одговорноста на административните службеници, следење на оценувањето на административните службеници, нивно стручно оспособување и усовршување, потреба од обуки, спроведување на постапки за вработување и мобилност во Министерството, правилно и законито остварување на службеничкиот однос, мотивација и меѓучовечки односи, кадровска евиденција, персонална евиденција и следење на работните односи во Министерството во целост.

- *Одделението за стратешко планирање, креирање политики и следење* врши работи кои се однесуваат на изработка на стратешкиот план на Министерството, следење на спроведувањето на целите и резултатите од стратешкиот план, изготвување анализа за постигнати цели и резултати.

За потребите на овој процес, исто така беше спроведена самоевалуација на вработените со спроведување на анонимна анкета. Целта на истражувањето е анализа на организационата поставеност, ефикасноста и ефективност на човекови ресурси, организациските единици и работните процеси во Министерството за транспорт и врски.

Прашалникот за самооцена на вработените како корисна алатка во процесот на спреведување на функционалната анализа во Министерството за транспорт и врски беше спроведен по електронски пат, со тоа што истиот беше доставен до секој вработен преку електронска пошта, заедно со пропратна покана во која накратко беше образложена потребата и полезноста од неговото пополнување. Прашалникот се однесува на организациските аспекти во Министерството за транспорт и врски, а целта еда се увидат определени состојби, како би можеле да се понудат решенија за надминување на проблемите во наведените области.

Во однос на прашањата кои се дел од прашалникот се изјасниле вкупно 94 вработени во Министерството за транспорт и врски, што претставува 37.7% од вкупниот број на вработени кој изнесува: 249. Одговарањето на сите прашања во прашалникот не беше задолжително.

Од добиените одговори може да се заклучи дека во однос на делот на работните задачи и работното место може да се утврди дека дел од вработените во Министерството за транспорт и врски работат и дополнителни работи добиени по одредено овластување или решение но и по утврдено работно место во Систематизација кое истото не е пополнето.

Во однос на прашањата кои се однесуваат на компетентноста за извршување на задачите вработените се изјасниле дека ги извршуваат дадените работни задачи, имаат познавање за областа за кои се распределени по систематизација.

Во Министерството за транспорт и врски согласно Законот за воведување на систем за управување со квалитетот и заедничката рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба беше воспоставен стандардот ИСО 9001:2008 со добиен сертификат од Quality Austrian со важност до 15 септември 2018 година бидејќи по 15 септември стапи на сила стандардот 9001:2015. Министерството сé уште не е сертифицирано по стандардот 9001:2015.

Почната е постапката за изработка на процедури и работни упатства согласно стандардот 9001:2015 Изработени се процедури и работни упатстава

во Сектор железница, Сектор за финансиски прашања, Сектор за воздухопловство, Одделение за управување со човечки ресурси, почната е постапката и се изработени и донесени дел од процедурите и работните упатства во Секторот за нормативни и правни работи и Секторот за општи работи.

Во министерството за транспорт и врски постапката за подготовка на буџетот и стратешките приоритети на министерството за транспорт и врски се одвива во соработка на Секторот за финансиски прашања и одделението за стратешко планирање. За подготовка на буџетот изработена е и одобрена процедура МТЦ-07-ПР-02 Изработка на предлог буџетска пресметка. Постапката е во согласност со Законот за буџетите и Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата.

## 3. Мисија и визија

3.1 Мисијата на Министерството за транспорт и врски е да обезбеди услови за ефикасно функционирање на секторите за транспорт, градежништво, урбанизам и комуникации во Република Северна Македонија.

За да ја реализира својата мисија, Министерството за транспорт и врски континуирано предложува ефикасни законски платформи, работи во координација со останатите институции и овозможува модернизација на процесите кои се во негова надлежност со што се овозможува поголема пристапност на граѓаните. Дополнително на ова, се реализираат и голем број активности и проекти кои се насочени кон зголемување на економскиот раст на земјата преку инвестирање во подобрена инфраструктура и менаџмент на процесот на отуѓување на земјиштето кое е во сопственост на државата со цел изградба на нови објекти.

3.2 Визијата на Министерството за транспорт и врски е: „Република Северна Македонија со современа и развиена инфраструктура во секој сегмент на патниот, железничкиот и воздушниот сообраќај, како и во делот на станбено-комуналните работи и внатрешната пловидба.“

## 4. Општи цели и стратешки приоритети

4.1. Стратешки приоритети во периодот 2022-2024 година се:

- Подобрување на инфраструктурната мрежа во Република Северна Македонија во нејзината целост;

- подобрување на сите сегменти кои се однесуваат на превозот – патен, железнички, воздушен, како и во внатрешната пловидба и

- подобрување на станбено-комуналната инфраструктура.

4.2 За остварување на стратешките приоритети се утврдуваат следните приоритетни цели:

- Изградба на нови патни делници и рехабилитација на дел од постојните,

- доизградба на патните и железничките делови од коридорите 8 и 10,

- создавање на услови за ефикасен транспорт на патници и стока, како и обезбедување транспортни услуги со висок квалитет и високо ниво на безбедност,

- распределба на социјални станови за социјално-ранливи групи на граѓани,

- изградба, односно реконструкција на системи за водоснабдување и третман на отпадни води што ќе доведе до подобрување на квалитетот на живеење, особено во руралните средини, со што особено ќе се подобри квалитетот на живеење и заштита на животната средина. Во реализацијата на овие проекти свое учество земаат и Единиците на локалната управа.

## 5. Задачи, обврски и организациска структура на Министерството за транспорт и врски

Министерството за транспорт и врски ги врши работите што се однесуваат на:

– патниот сообраќај и патната инфрастуктура;

– железничкиот сообраќај и железничката инфраструктура;

– воздушниот сообраќај и воздухопловната инфраструктура;

– внатрешната пловидба;

– телекомуникациите и телекомуникациската инфраструктура;

– радиодифузијата и радиодифузната инфрастуктура;

– поштенскиот сообраќај и поштенската инфрастуктура;

– други видови на транспорт и инфраструктура која е неопходна за вршење транспорт (жичари и ски-лифтови и слично);

– станбено-комуналните работи, соодветната инфраструктура, уредувањето на просторот и управувањето со градежното земјиште во сопственост на Републиката и

– врши и други работи утврдени со закон.

## 6. Структура на Министерството за транспорт и врски

### 6.1 Сектори во рамките на Министерството за транспорт и врски

Во Министерството за транспорт и врски функционираат следните сектори:

- Сектор за стручна поддршка на министерот и односи со јавност;
- Сектор за финансиски прашања;
- Сектор за управно-надзорни работи;
- Сектор за патен сообраќај и инфраструктура;
- Сектор за железници;
- Сектор за општи работи;
- Сектор за уредување на просторот;
- Сектор за документирање и управување со градежно земјиште;
- Сектор за нормативни и правни работи
- Сектор за станбено-комунални работи и инфраструктура;
- Сектор за воздухопловство;
- Сектор за европска унија и
- Сектор за прекршоци.

### 6.2 Независни одделенија во рамките на Министерството за транспорт и врски

Во Министерството за транспорт и врски функционираат следните независни одделенија:

- Одделение за управување со човечки ресурси;
- Одделение за внатрешна ревизија и
- Одделение за стратешко планирање и креирање политики.

## 6.3 Органи во рамките на Министерството за транспорт и врски

Во рамките на Министерството за транспорт и врски функционираат следните државни органи:

- Капетанијата на пристаништата и
- Управа за сигурност во железничкиот систем.

## 7. Реализација на стратешките приоритети за 2021 година

**Стратешки приоритет:**

***1. Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните;***

(Според Одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2020 година, Службен весник бр. 243 од 09.10.2020 година)

**Реализирани активности:**

### 7.1. Финансирање на изработката на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектни документации за 2021 година

Владата на Северна Република Македонија на предлог на Министерството за транспорт и врски ја донесе Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектни документации за 2021 година.

Со оваа програма беше овозможено реализирање на повеќе активности од страна на Министерството за транспорт и врски, согласно своите надлежности, меѓу кои и:

- Изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко – планска документација и урбанистичко – проектни документации за кои се прифатени предлози доставени од страна на општините во текот на јавниот повик од член 22 од Законот за просторно и урбанистичко планирање; Изработка на урбанистичко плански - документации за придружно услужни објекти на магистрални и регионални патишта;

- Изработка на заштитно конзерваторски основи;

- Изработка на ажурирани геодетски подлоги;

- Изработка на студии или елаборати за стратешка оценка на влијанието врз животната средина;

- Изработка за услови за планирање за урбанистичките планови и урбанистичко-планските документации по поединечни точки од годишната програма;

- Изработка на услови за планирање за урбанистичките планови и урбанистичко планските документации чија изработка е финансирана од Буџетот на Република Северна Македонија, согласно член 25, став 11 од Законот за просторно и урбанистичко планирање;

### 7.2. Проект за развој на цивилното воздухопловство во Република Северна Македонија и формирање на конкурентни цени за патниците

Во 2021 година беа превезени вкупно 1.388.384 патници на аеродромите во Скопје и Охрид, што во споредба со 2020 година претставува зголемување од 78%.

На аеродромот во Скопје во 2021 година беа превезени вкупно 1.266.230 патници, што во споредба со 2020 година претставува зголемување од 79%, а на аеродромот во Охрид во 2021 година беа превезени вкупно 122.154 патници, што во споредба со 2020 година претставува зголемување од 69%.

На 14.01.2019 година беше склучен Договор за финансиска поддршка заведен под број 02-234/3 помеѓу Владата на Република Македонија преку Министерството за транспорт и врски и WizzAir Hungary Ltd.

Владата на Република Северна Македонија сметано од 1 јули 2020 година одобри времено мирување на обврските на двете договорни страни од Договорот за финансиска поддршка склучен со Wizz Air за дестинациите кон земјите за кои постојат рестрикции за македонските граѓани се додека земјите

не ги тргнат рестрикциите за македонските граѓани и истото се однесува за дестинациите за секоја земја поединечно.

Wizz Air ќе започне со оперирање на сите дестинации во одредена земја согласно условите од Договорот за финансиска поддршка и тоа во период од 14 дена по тргање на рестрикциите за македонските граѓани од страна на таа земја.

Договорот за финансиска поддршка истекува на 01.03.2022 година.

Во таа насока, Министерството за транспорт и врски започна со подготовки за нова постапка за доделување на финансиска поддршка на авиопревозници.

Имено, на 21.12.2021 година, Министерството за транспорт и врски до Владата на Република Северна Македонија достави Информација во врска со потребата за донесување на Програма за финансиска поддршка на авиопревозници со предлог Владата да донесе Програма за определување средства потребни за доделување финансиска поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија на домашни и странски превозници за периодот од 2022-2025 година.

### 7.2.1. Нов Закон за воздухопловство

Министерството за транспорт и врски обезбеди поддршка преку TAIEX програмата-Експертска мисија за изработка на нов Закон за воздухопловство, на чија работилница, која се одржа во месец март 2021 година учествуваа претставници од органите кои го применуваат истиот.

Подготвен е текст на законот во соработка со Агенцијата за цивилно воздухопловство. Во месец декември 2021 година отпочната е постапка за донесување на законот и истиот беше поставен на Единствениот национален електронски регистар на прописи – ЕНЕР.

### 7.3 Реализација на активностите и проектите кои произлегуваат од програмата „Економски развој“

#### 7.3.1 Компензација на трошоци за услуги од јавен интерес во железничкиот превоз на патници

Согласно со склучениот Договорот за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата, за период 2020-2022 година, меѓу Министерството за транспорт и врски и Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје, за Возниот ред 2020/2021 година во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2021 година, во Потпрограма ДА - Инвестиции во железничката инфраструктура, категорија 46 Субвенции и трансфери, на ставката 461 – Субвенции за јавни претпријатија за оваа намена се алоцирани средства во износ од 438.000.000 денари. Заклучно со 31.12.2021 година реализирани и исплатени се средства во износ од 436.748.133 денари, односно 99,7 % на реализација.

#### 7.3.2 Годишна програма за финансирање на железничката инфраструктура

Согласно Годишна програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 8/21, 182/21, 271/21 и 299/21), во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2021 година во Потпрограма ДА - Инвестиции во железничката инфраструктура, категорија 48 Капитални расходи, на ставката 489 – Капитални субвенции на претпријатија и невладини организации со намена за финансирање на железничката инфраструктура се алоцирани средства во износ од 329.519.000, денари, кои заклучно со 31.12.2021 година

се реализирани и исплатени средства во износ од 327.313.531 денари, односно 99.33% на реализација .

Со овие средства е извршено машинско одржување на пруги и свртници, одржување на горен строј, одржување на долен строј, одржување на електротехнички постројки, набавка на шини, набавка на прагови, извршена хидроизолација на железничка станица Скопје, набавка на резервно напојување на електротехнички постројки, набавка на софтвер за информациски систем за возен ред, извршено проширување на систем на видео надзор, зголемување на проток на активна транспортна мрежа, извршено исплаќање за Експропријација на Коридор VIII и извршена е Доградба на објект железничка станица Гевгелија.

### 7.3.3 Модернизација на Коридорот 10

Договорот за ремонт на делницата Ногаевци– Градско – Кукуречани-Неготино, дел од железничкиот Коридор 10 склучен меѓу ЈП за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје и Изведувачот се раскина во 2019 година. Во 2021 година, започна постапката за избор на нов Изведувач.

Во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2021 година, ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 307/20, 171/21), во Потпрограма ДА- Инвестиции во железничка инфраструктура, на сметката 786, расходна ставка 489-Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации, заклучно со 31.12.2021 година, не беа предвидени средства, поради спроведување на постапка за избор на изведувач.

Со Проектот се предвидува замена на постоечките дотраени дрвени прагови со армирано-бетонски преднапрегнати прагови, замена на

постоечките шини S–49 со шини UIC–60, машинско решетање (прочистување) на толчаник, машинско регулирање на колосекот, положување на нов толчаник, планирање и оформување на засторната призма и четкање на колосекот, оформување и нивелирање банкини, се со цел да се овозможи подигнување на брзината на возење до 100 km/час.

### 7.3.4 Рехабилитација постојната железничка пруга на делница од Куманово-Бељаковце, источен дел од Коридор 8 (30,8 км)

Договорот за изведување на градежните работи на оваа делница, склучен меѓу ЈП за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје и Изведувачот се раскина во 2020 година. Во 2021 година, започна постапката за избор на нов Изведувач. Во 2021 година, започна постапката за избор на нов Изведувач.

Во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2021 година, (“Службен весник на Република Северна Македонија“ број 307/20, 171/21), во Потпрограма ДА- Инвестиции во железничка инфраструктура, на сметката 786, расходна ставка 489-Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации, заклучно со 31.12.2021 година, не беа предвидени средства, поради спроведување на постапка за избор на изведувач.

Со Проектот се предвидува изведување на градежни активности за рехабилитација на постојната пруга преку подобрување на техничките карактеристики на пругата, замена на прагови, замена на шини, положување на нов толчаник, поправање на темелни стопи и лежишта, изградба на подвозници и надвозници, обновување на изолација и дренажа, изградба и санирање на 5 мостови, поставување безбедносни бариери и заштита од бука и вибрации; поставување на нови сигнално-сигурносни уреди ETCS ниво 1 и телекомуникациски уреди, изградба на три железнички станици, како и 6 стојалишта.

### 7.3.5 Изградба на нова и рехабилитација на постојната железничка пруга на делница од Бељаковце-Крива Паланка, источен дел од Коридор 8 (24 км)

Во 2021 година се спроведе постапка за извор на изведувач, согласно правилата и политикате за набавка од Европската Банка за обнова и развој. Договор за изведување на градежните работи, до крајот ан 2021 година сеште не е склучен со ЈП за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје.

Во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2021 година, ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 307/20, 171/21), во Потпрограма ДА- Инвестиции во железничка инфраструктура, на сметката 786, расходна ставка 489-Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации, заклучно со 31.12.2021 година, не беа предвидени средства, поради спроведување на постапка за избор на изведувач.

Со Проектот се предвидува изведување на градежни активности на рехабилитација на постојните објекти, положување на нови прагови шини, положување на нов толчаник;поставување на темелните стопи и лежиштата на мостови; поставување на изолацијата и дренажата; обновување 33 постојните мостови; изградба на 11 нови моста, изградбата на 10 тунели, изведба на 33.3 km од главниот колосек и на 7.05 km колосек на станици, инсталирање на кабелски водови и огради; поставување безбедносни бариери и заштита од бучава и вибрации; инсталирање на 28 скретници; изградба на нова трафостаница во близина на Бељаковце, поставување на нови сигнално сигурносни уреди ETCS ниво 1, изградба на две железнички станици во Кратово и Гиновце како и 3 стајалишта во Шопско Рударе, Крилатице и Псача, како и изгарба на подвозници и надвозници.

7.3.6. Изработка на инвестициско-техничка документација за заедничка гранична железничка станица во Табановце

Целта на Проектот е да го подобри меѓународниот железнички сообраќај помеѓу железничките мрежи на двете соседни држави – Република Северна Македонија и Република Србија и да ја воспостави и спроведе правната и институционалната рамка за постепено отворање на железничкиот сообраќај во Југоисточна Европа. Средствата за овој проект се обезбедени 50% преку инструментот „Инвестициска Рамка на Западен Балкан", а поддржани од ЕБОР, а останатите 50% ќе треба да се обезбедат по пат на заем од ЕБОР. Заклучно со декември 2021 година, изработката на техничката докуметацијата на пристапниот пат е во тек.

## 7.4 Нормативно -правни работи

7.4.1 Издавање на лиценци

Во текот на 2021 година издадени се 399 лиценци од областа на градење, 5 лиценци за изработување на урбанистички планови, една лиценца за процена, 47 потврди за странски правни лица, како и 15 дозволи за вршење на погребални услуги.

7.4.2. Законски и подзаконски акти

Во текот на 2021 година беа изготвени следните законски и подаконски акти:

- Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање, по скратена постапка.
- Предлог на Закон за изменување на Законот за домување.
- Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште.
- Предлог Закон за дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патната делница Миладиновци - Штип и патната делница Кичево – Охрид.
- Предлог на Закон за дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај.

- Правилник за формата и содржината на прекршочниот платен налог согласно Законот за градежно земјиште.
- Правилник за формата и содржината на евиденцијата за изречените опомени согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти.
- Правилник за формата и содржината на прекршочниот платен налог согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти.
- Правилник за формата и содржината на евиденцијата за изречените опомени согласно Законот за внатрешната пловидба.
- Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за начинот за распределба, дистрибуција и ревизија на искористеност на дозволите за меѓународен превоз на стока.

## 7.5 Внатрешна ревизија

Планирани и спроведни ревизии во 2021, согласно Годишниот план за внатрешна ревизија за 2021 година се: Ревизија на процесот на издавање дозволи за меѓународнен превоз на патници во Секторот за патен сообраќај и инфраструктура и Ревизија на

процесот на водење на прекршочна постапка во Секторот за прекршоци.

# 8. Реализација на стратешките приоритети за 2022 година (заклучно со 30.06.2022 година)

## 8.1 Реализација на активностите и проектите кои произлегуваат од програмата „Економски развој“

### 8.1.1 Компензација на трошоци за услуги од јавен интерес во железничкиот превоз на патници

Во рамки на Договорот за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата, за период 2020-2022 година, за возен ред 2020/2021 година во Буџетот на Министерството за транспорт и врски во Потпрограма ДА - Инвестиции во железничката инфраструктура, категорија 46 Субвенции и трансфери, на ставката 461 – Субвенции за јавни претпријатија за оваа намена се алоцирани средства во износ од 390.000.000 денари. Заклучно со 30.06.2022 година реализирани и исплатени се средства во износ од 238.844.892 денари, односно 61.2% на реализација.

### 8.1.2 Годишна програма за финансирање на железничка инфраструктура

Согласно Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2022 година („Службен весник на РСМ“ бр. 94/22), во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2022 година во Потпрограма ДА - Инвестиции во железничката инфраструктура, категорија 48 Капитални расходи, на ставката 489 – Капитални субвенции на претпријатија и невладини организации со намена за финансирање на железничката инфраструктура се алоцирани средства во износ од 320.000.000 денари, кои заклучно со 30.06.2022 година реализирани и исплатени се средства во износ од 111.748.051 денари, односно 34.9% на реализација.

Со овие средства е извршено машинско одржување на пруги и свртници, одржување на горен строј, одржување на долен строј, одржување на електротехнички постројки.

### 8.1.3 Модернизација на Коридорот 10

За овој проект во 2010 година обезбедени се средства во висна од 17.6 милиони евра заем од Европската банка за обнова и развој, за ремонт на три делници од Коридорот 10 и тоа Табановце-Куманово (12 км), Ногаевци–Градско–Кукуречани-Неготино (30 км) и Миравци-Смоквица (12 км). Во периодот од 2011 до 2013 година успешно се реализирани ремонтот на делниците Табановци-Куманово и Миравци-Смоквица во износ од 7,5 милиони евра.

За третата и последна делница, Договор со избран Изведувач и Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје беше склучен во 2013 година, но договорот е раскинат во 2019 година. Заклучно со 31.12.2021 година, прогресот на активностите е 70%.

Во периодот од 01.01.2022 до 30.06.2022 година, постапката за избор на изведувач беше успешно завршена со одобрување на Извештајот од оценка на понудите на 26.04.2022 година од страна на Европската банка за обнова и развој.

Во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.287/21), во Потпрограма ДА- Инвестиции во железничка инфраструктура, на сметката 786, приходно конто 761114-Задолжување кај Европската банка за обнова и развој, расходна ставка 489-Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации, утврдени се средства во висина од 1.854.534.000 денари. Од нив за реализација на овој проект алоцирани се средства во висина од 172.150.343 денари. Во тек е постапката за склучување на договор со избраниот изведувач и негово воведување во работа.

Со проектот се предвидува замена на постоечките дотраени дрвени прагови со армирано-бетонски преднапрегнати прагови, замена на постоечките шини S–49 со шини UIC–60, машинско решетање (прочистување) на толчаник, машинско регулирање на колосекот, положување на нов толчаник, планирање и оформување на засторната призма и четкање на колосекот, оформување и нивелирање банкини, се со цел да се овозможи подигнување на брзината на возење до 100 km/час.

### 8.1.4 Рехабилитација постојната железничка пруга на делница од Куманово-Бељаковце, источен дел од Коридор 8 (30,8 км)

За овој проект во 2012 година се обезбедени средства во висна од 46.4 милиони евра заем од Европската банка за обнова и развој. По спроведена постапка за избор на изведувач, согласно правилата и политиките за набавка

на ЕБОР, во декември 2013 година склучен е договор меѓу избраниот Изведувач и Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје. Градежните работи на рехабилитацијата се одвиваа со забавено темпо, а во јули 2020 година, по барање на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје како инвеститор, Договорот со изведувачот е раскинат. Заклучно со 31.12.2020 година, прогресот на активностите во градежните работи е 55%.

Во периодот од 01.01.2022 до 30.06.2022 година, постапката за избор на изведувач беше успешно завршена со одобрување на Извештајот од оценка на понудите на 26.04.2022 година од страна на Европската банка за обнова и развој.

Во Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 287/21), во потпрограма ДА-Инвестиции во железничка инфраструктура, на сметката 786, приходно конто 761114-Задолжување кај Европската банка за обнова и развој, расходна ставка 489-Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации, утврдени се средства во висина од 1.854.534.000 денари. Од нив, за реализација на овој проект се алоцирани средства во висина од 998.590.998 денари. Во тек е постапката за склучување на договор со избраниот изведувач и негово воведување во работа.

Целокупниот проект предвидува градежни активности за рехабилитација на постојната пруга преку подобрување на техничките карактеристики на пругата, замена на прагови, замена на шини, положување на нов толчаник, поправање на темелни стопи и лежишта, изградба на подвозници и надвозници, обновување на изолација и дренажа, изградба и санирање на 5 мостови, поставување безбедносни бариери и заштита од бука и вибрации; поставување на нови сигнално-сигурносни уреди ETCS ниво 1 и телекомуникациски уреди, изградба на три железнички станици, како и 6 стојалишта.

8.1.5 Изградба на нова и рехабилитација на постојната железничка пруга на делница од Бељаковце-Крива Паланка, источен дел од Коридор 8 (24 км)

За овој проект во 2014 година се обезбедени средства во висна од 145 милиони евра, заем од Европската банка за обнова и развој, а во 2017 година

обезбеден е Инвестициски грант во висина од 68,5 милиони евра од Инструментот за инвестициска рамка од Западен Балкан (WBIF).

Во периодот од 01.01.2022 до 30.06.2022 година, постапката за избор на изведувач беше успешно завршена со одобрување на Извештајот од оценка на понудите на 26.04.2022 година од страна на Европската банка за обнова и развој

Во Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 287/21), во потпрограма ДА-Инвестиции во железничка инфраструктура, на расходна ставка 489-Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации, 786 – расходи од заеми, приходно конто 761114-Задолжување кај Европската банка за обнова и развој, се утврдени средства во висина од 1.854.534.000 денари. Од нив за реализација на овој проект се алоцирани средства во висина од 622.492.659 денари. Во тек е постапката за склучување на договор со избраниот изведувач и негово воведување во работа.

Целокупниот проект предвидува градежни активности на рехабилитација на постојните објекти, положување на нови прагови и шини, положување на нов толчаник; поставување на темелните стопи и лежиштата на мостови; поставување на изолацијата и дренажата; обновување на 33 постојни мостови; изградба на 11 нови моста, изградбата на 10 тунели, изведба на 33.3 km од главниот колосек и на 7.05 km колосек на станици, инсталирање на кабелски водови и огради; поставување безбедносни бариери и заштита од бука и вибрации; инсталирање на 28 скретници; изградба на нова трафостаница во близина на Бељаковце, поставување на нови сигнално сигурносни уреди ETCS ниво 1, изградба на две железнички станици во Кратово и Гиновце како и 3 стојалишта во Шопско Рударе, Крилатице и Псача, како и изградба на подвозници и надвозници.

### 8.1.6. Изработка на инвестициско-техничка документација за заедничка гранична железничка станица во Табановце

Целта на проектот е да го подобри меѓународниот железнички сообраќај помеѓу железничките мрежи на двете соседни држави – Северна Македонија и Србија и да ја воспостави и спроведе правната и институционалната рамка за постепено отворање на железничкиот сообраќај во Југоисточна Европа. Средствата за овој проект се обезбедени преку инструментот „Инвестициска рамка на Западен Балкан“, а поддржани од ЕБОР во висина од 380.000 евра.

Во периодот на разгледување од 01.01.2022 до 30.06.2022 година, Консултантот постапуваше по забелешките од Комисијата формирана во Министерството за транспорт и врски, согласно закон, која го одобрува инфраструктурниот проект.

Во Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 287/21), во Потпрограма ДА-Инвестиции во железничка инфраструктура, на расходна ставка 482-Други градежни објекти, 786 – расходи од заеми, приходно конто 761114-Задолжување кај Европската банка за обнова и развој, се утврдени средства во висина од 1.854.534.000 денари. Од нив за реализација на овој Проект се алоцирани средства во висина од 61.300.000 денари.

## 8.2. Проект за развој на цивилното воздухопловство во Република Северна Македонија и формирање на конкурентни цени за патниците

Договорот за финансиска поддршка склучен со Wizz Air заврши на 01.03.2022 година. Министерството за транспорт и врски врши подготовки за објавување на нов повик за доделување на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници.

Во периодот јануари-мај 2022 година на аеродромите во Република Северна Македонија превезени се вкупно 712.258 патници, што е зголемување од 154.3% споредбено со истиот период 2021 година кога биле превезени вкупно 280.077 патници.

На аеродромот во Скопје во периодот јануари-мај 2022 година беа превезени вкупно 649.132 патници, што во споредба со истиот период 2021 година претставува зголемување од 140.2%, а на аеродромот во Охрид во во периодот јануари-мај 2022 беа превезени вкупно 63.126 патници, што во споредба со истиот период 2021 година претставува зголемување од 1665.8%.

### 8.3. Нов Закон за воздухопловство

Во тек е процес на усогласување на нацрт-текстот на законот со Секретаријатот за законодавство. Се планира до крајот на месец јули 2022 година, истиот да биде доставен до Владата на Република Северна Македонија на негово донесување.

## 9. Евалуација

Евалуација и проценка на напредокот во реализацијата на стратешкиот план се врши врз база на полугодишни извештаи кои содржат пресек на реализираните активности и проекти во однос на утврдените стратешки цели и приоритети,а во согласност со Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на следење, оценување и известување на стратешкиот план, како и интерната процедура за изработка и следење на стратешкиот план на Министерството за транспорт и врски.

Овие извештаи на секои шест месеци се изготвуваат во согласност со добиените податоци од раководителите на секторите, односно директорите на органите во состав на Министерството за транспорт и врски.

# Нацрт-стратешки план

- ***ПРОГРАМИ***

# ПРОГРАМИ:

1. *Администрација;*
2. *Сообраќај и комуникации;*
3. *Урбанизам и градежништво;*

*Д. Економски развој.*

# 1. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ

**Оправданост и дизајн на Програмата:**

**Назив на програмата: Администрација**

**Цел на програмата:**

Целта на оваа програма е воспоставување на ефикасна регулатива со која ќе се имплементираат европски стандарди, како од аспект на материјалното право така и од аспект на процедуралните правила и надлежности. Исто така, програма предвидува подобрување на ефикасноста и квалитетот во давањето услуги кои се во надлежност на Министерството за транспорт и врски на крајните корисници.

Програмата ги опфаќа секторите за нормативни и правни работи, општи работи, стручна поддршка на министерот и односи со јавноста, како и одделението за управување со човечки ресурси.

**НПАА: Поглавје 4 – Административни капацитети**

**Показател за успех на програмата:** Подобра законска регулатива во ресорот на транспорт и врски, како и подобар пристап до услугите на Министерството за транспорт и врски.

**Програмата е вертикална**

**Образложение:** Програмата Администрација произлегува од: Стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2022 година и тоа приоритетите од Член 1 на Одлуката:

- Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на ивот на граѓаните и
- модерна и ефикасна јавна администрација, базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти.

**Поврзаност со Стратешките приоритети и цели на Министерството за транспорт и врски во 2022 година:**

- Зголемување на економскиот раст преку реализација на проекти за подобрување на целокупната инфраструктурна мрежа во Република Северна Македонија и
- управување и одржување на транспортните служби, инфраструктура и мрежи за добивање на оптимална ефикасност.

| Очекувани резултати (компоненти) од Програмата „Администрација“ (10, 1А): | |
|---|---|
| **Резултат 1:** Поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за ромите | **Показател за успешност:** Подобрување на инфраструктурата во населените места населени со претежно Ромско население. |
| **Резултат 2:** Плати, надоместоци и придонеси за социјално осигурување на вработените, патни и дневни расходи - програма 10 - администрација | **Показател за успешност:** Овозможување навремена ислата на вработените во Министерството за транспорт и врски и подмирување на потребните придонеси. |
| **Резултат 3:** Договорни услуги | **Показател за успешност:** Обезбедување на релевантни анализи и проекции за повеќе зацртани активности и проекти. |
| **Резултат 4:** Набавка на материјали и ситен инвентар, опрема и машини и мебел | **Показател за успешност:** Овозможување на услови и потребни материјали за извршување на секојдневните активности и услуги Министерството за транспорт и врски. |
| **Резултат 5:** Трансфери за плаќања по судски решенија, за пензионирање и помош на пат | **Показател за успешност:** Подмирување на трошоци по судски решенија, исплата на надоместок за пензионирање на државни службеници кои заминуваат во пензија и овозможување поддршка и помош на учесниците и возачите низ патиштата во Република Северна Македонија. |
| **Резултат 6:** Поправки и тековно одржување | **Показател за успешност:** Обезбедување на подобри услови и современи алатки за подобро функционирање и побрзо одвивање на процесите. Одржување на инвентарот, компјутерскиот софтвер, лифтовите, возилата и сите апарати и машини кои се во употреба во текот на работењето. |
| **Резултат 7:** Трошоци за комунални услуги, гориво, комуникации и транспорт | **Показател за успешност:** Извршени увиди за предмети кои се однесуваат на легализација на бесправно изградени објекти и други активности со коишто ќе се овозможи на физичките и правните лица да се здобијат со право на сопственост на имот. |
| **Резултат 8:** Други тековни расходи – репрезентации и објавување на огласи и други оперативни расходи | **Показател за успешност:** Навремено информирање на јавноста, успешно реализирани средби со меѓународни делегации и други оперативни расходи. |
| **Резултат 9:** **Градежни објекти** | **Показател за успешност:** Реконструкција на деловни објекти. |

## План за спроведување на Програмата „Администрација“:

### 1. Поддршка на имплементација на Декадата и Стратегијата за Ромите

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | | | I год. | II год. | IIIгод. | I год. | II год. | III год. |
| Поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите | Сектор за станбено-комунални работи и инфраструк-тура | ЕЛС | 01/2016 | 12/2024 | 1 | 1 | 0 | 20.000.000 | 20.000.000 | 0 |
| Вкупно активности во I година: | | | | | | | | **20.000.000** | | |
| Вкупно активности во II година: | | | | | | | | 20.000.000 | | |
| Вкупно активности во III година: | | | | | | | | 0 | | |
| **Вкупно за потпрограма 1:** | | | | | | | | **40.000.000** | | |

### 2. Плати, надоместоци и придонеси за социјално осигурување на вработените

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | | | I год. | II год. | IIIгод. | I год. | II год. | III год. |
| 1.Основни плати | Сектор за финансиски прашања | | 01/2023 | 12/2025 | 3 | 3 | 3 | 42.399.000 | 44.519.000 | 46.745.000 |
| 2.Придонеси за социјално осигурување | Сектор за финансиски прашања | | 01/2023 | 12/2025 | 3 | 3 | 3 | 16.494.000 | 17.319.000 | 18.185.000 |
| 3. Патни и дневни расходи | Сектор за финансиски прашања | | 01/2023 | 12/2025 | 3 | 3 | 3 | 3.000.000 | 3.500.000 | 4.000.000 |
| 4. Привремени вработувања | Одделение за човечки ресурси | | 01/2023 | 12/2025 | 1 | 1 | 1 | 7.600.000 | 7.600.000 | 7.600.000 |
| Вкупно активности во I година: | | | | | | | | **69.493.000** | | |
| Вкупно активности во II година: | | | | | | | | 72.938.000 | | |
| Вкупно активности во III година: | | | | | | | | 76.530.000 | | |
| **Вкупно за потпрограма 2:** | | | | | | | | **218.961.000** | | |

| **3. Договорни услуги** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | | | | | |
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | **човечки** | | | **Финансиски (МКД)** | | |
| | | | | | I год. | II год. | IIIгод. | I год. | II год. | III год. |
| 1. Трошоци по основ на изнајмување, осигурување и други трошоци | МТВ | Сите сектори во министерството | 01/2023 | 12/2025 | 5 | 5 | 5 | 23.160.000 | 22.655.000 | 23.155.000 |
| Вкупно активности во I година: | | | | | | | | **23.160.000** | | |
| Вкупно активности во II година: | | | | | | | | 22.655.000 | | |
| Вкупно активности во III година: | | | | | | | | 23.155.000 | | |
| **Вкупно за потпрограма 3:** | | | | | | | | **68.970.000** | | |

| **4. Набавка на материјали и ситен инвентар, опрема и машини и мебел** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | | | | | |
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | **човечки** | | | **Финансиски (МКД)** | | |
| | | | | | I год. | II год. | IIIгод. | I год. | II год. | III год. |
| 1. Набавка на материјали и ситен инвентар | Сектор за општи работи | | 01/2023 | 12/2025 | 2 | 2 | 2 | 2.500.000 | 2.545.000 | 2.590.000 |
| **2**. Купување на опрема и машини | Сектор за општи работи | | 01/2023 | 12/2025 | 2 | 2 | 2 | 1.500.000 | 3.600.000 | 4.320.000 |
| 3. Купување на мебел | Сектор за општи работи | | 01/2023 | 12/2025 | 2 | 2 | 2 | 1.000.000 | 1.100.000 | 1.210.000 |
| Вкупно активности во I година: | | | | | | | | **5.000.000** | | |
| Вкупно активности во II година: | | | | | | | | 7.245.000 | | |
| Вкупно активности во III година: | | | | | | | | 8.120.000 | | |
| **Вкупно за потпрограма 4:** | | | | | | | | **20.365.000** | | |

| 5. Трансфери за плаќања по судски решенија, за пензионирање и помош на пат | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорни | Консулти рани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
| | | | Почеток | Крај | човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | (месец/година) | (месец/година) | I год. | II год. | IIIгод. | I год. | II год. | III год. |
| 1. Трансфери за плаќања по судски решенија | Сектор за нормативно и правни работи | | 01/2023 | 12/2025 | 1 | 1 | 1 | 100.000.000 | 100.000.000 | 100.000.000 |
| 2.Исплати при пензионирање на државен службеник | Одделение за управување со човечки ресурси | | 01/2023 | 12/2025 | 1 | 1 | 1 | 500.000 | 130.000 | 130.000 |
| 3.Помош на пат | Сектор за патен сообраќај и инфраструктура | | 01/2023 | 12/2025 | 1 | 1 | 1 | 48.000.000 | 48.000.000 | 48.000.000 |
| 4. Други трансфери | Сектор за иправно-надзорни работи | | 01/2023 | 12/2025 | 1 | 1 | 1 | 600.000 | 600.000 | 600.000 |
| Вкупно активности во I година: | | | | | | | | **149.100.000** | | |
| Вкупно активности во II година: | | | | | | | | 148.730.000 | | |
| Вкупно активности во III година: | | | | | | | | 148.730.000 | | |
| **Вкупно за потпрограма 5:** | | | | | | | | **446.560.000** | | |

| 6. Поправки и тековно одржување | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорни | Консулти рани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
| | | | Почеток | Крај | човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | (месец/година) | (месец/година) | I год. | II год. | IIIгод. | I год. | II год. | III год. |
| 1. Поправки и одржување на службени моторни возила, клима-уреди, машини и информатичка опрема | Сектор за општи работи | | 01/2023 | 12/2025 | 3 | 3 | 3 | 4.280.000 | 4.380.000 | 4.480.000 |
| 2.Набавка на софтвер | Сектор за општи работи | Сектор за норматив но-правни работи | 01/2023 | 12/2025 | 1 | 1 | 1 | 1.000.000 | 200.000 | 300.000 |
| Вкупно активности во I година: | | | | | | | | **5.280.000** | | |
| Вкупно активности во II година: | | | | | | | | 4.580.000 | | |
| Вкупно активности во III година: | | | | | | | | 4.780.000 | | |
| **Вкупно за потпрограма 6:** | | | | | | | | **14.640.000** | | |

| 7. Трошоци за комунални услуги, гориво, комуникации и транспорт | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | | | | | |
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | **човечки** | | | **Финансиски (МКД)** | | |
| | | | | | I год. | II год. | IIIгод. | I год. | II год. | III год. |
| Трошоци за комунални услуги, гориво, комуникации и транспорт | Сектор за општи работи | | 01/2023 | 12/2025 | 3 | 3 | 3 | 16.145.000 | 16.891.000 | 17.549.000 |
| Вкупно активности во I година: | | | | | | | | **16.145.000** | | |
| Вкупно активности во II година: | | | | | | | | 16.891.000 | | |
| Вкупно активности во III година: | | | | | | | | 17.549.000 | | |
| **Вкупно за потпрограма 7:** | | | | | | | | **50.585.000** | | |

| 8. Други тековни расходи – репрезентации и објавување на огласи и други оперативни расходи | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | | | | | |
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | **човечки** | | | **Финансиски (МКД)** | | |
| | | | | | I год. | II год. | IIIгод. | I год. | II год. | III год. |
| Други тековни расходи – репрезентации и објавување на огласи и други оперативни расходи | Сектор за општи работи | Сектор за стр. поддршка на министер, Сект. за просторно план., Одд. за човечки ресурси | 01/2023 | 12/2025 | 3 | 3 | 3 | 5.500.000 | 5.100.000 | 5.250.000 |
| Вкупно активности во I година: | | | | | | | | **5.500.000** | | |
| Вкупно активности во II година: | | | | | | | | 5.100.000 | | |
| Вкупно активности во III година: | | | | | | | | 5.250.000 | | |
| **Вкупно за потпрограма 8:** | | | | | | | | **15.850.000** | | |

| 9. Градежни објекти | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
| | | | Почеток | Крај | човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | (месец/година) | (месец/година) | I год. | II год. | IIIгод. | I год. | II год. | III год. |
| **Реконструкција на деловни објекти и надзор** | Сектор за општи работи | Сектор за патен сообраќај и инфраструктура | 01/2023 | 12/2023 | 3 | 0 | 0 | 3.200.000 | 0 | 0 |
| Вкупно активности во I година: | | | | | | | | **3.200.000** | | |
| Вкупно активности во II година: | | | | | | | | 0 | | |
| Вкупно активности во III година: | | | | | | | | 0 | | |
| **Вкупно за потпрограма 9:** | | | | | | | | **3.200.000** | | |

| **Оправданост и дизајн на Програмата:** |
| --- |
| **Назив на програмата: Сообраќај и комуникации** |
| **Цел на програмата**:<br>Основна цел на програмата е зголемување на економскиот раст преку создавање услуги во воздушниот транспорт кои ја максимизираат националната продуктивност и инвестициите, добивање на дополнителна економска корист од зголемувањето на обемот на воздушниот транспорт преку приходи од туризмот и деловни инвестиции на логистичка основа, надградба на операциите на воздушниот транспорт и стандарди кои ќе ги задоволуваат барањата за интегрирање во ЕУ, подобрување на безбедноста во воздушниот сообраќај со насочени и континуирани подобрувања на системите, процесите, способноста и културата, поефикасно користење на воздушниот простор и ефикасен придонес кон намалување на влијанието врз животната средина од страна на воздухопловната индустрија, подобрување на изборот и вредноста на воздушниот транспорт преку промоција на конкурентни пазари, што ќе придонесе потрошувачите да донесуваат одлуки врз основа на поголема и подобра информираност и заштита на постоечките и новите корисници на услугите во воздушниот транспорт во Република Северна Македонија. Присуството на нискотарифни авиопревозници не само што ќе го стимулира пазарот на воздушен сообраќај во рамките на државата, туку и ќе привлече патници од областите од кои што околните аеродроми опслужуваат патници.<br>Активностите насочени кон подобрување на условите за внатрешна пловидба, имаат за зголемување на безбедноста при пловењето во езерата, како и модернизација на опремата која ја користи Капетанијата на пристаништа во Охрид. |
| **НПАА:**<br>**Поглавје 3.14 - Сообраќајна политика**<br><br>Подрачје 1 - патен сообраќај<br>Подрачје 2 - железнички сообраќај<br>Подрачје 3 - внатрешен воден сообраќај<br><br>**Подрачје 4 - Воздушен сообраќај**<br><br>Приоритет 1- Либерализација на воздушниот транспорт, како и усогласување на примена на правото на Европската унија со цел интеграција во Единствениот европски пазар<br>Приоритет 2- Пристапување кон Европската заедничка воздухопловна област<br><br>**Поглавје 3.21 - Трансевропски мрежи**<br>Подрачје 1 транспорт |

**Показатели за успех на програмата**:

- Подобрување на транспортните услуги и обезбедување на високо ниво на безбедност,
- Вклучување на Република Македонија во некој од постојните FAB иницијативи или во нова FAB иницијатива во регионот,
- Усогласување со воздухопловното право на ЕУ прописите, меѓународните стандарди и препорачани практики и ратификувани меѓународни договори,
- Употреба на хеликоптери за превоз како замена за урбаниот транспорт,
- Користење на можностите за аплицирање со проекти во претпристапните фондови на ЕУ и
- Подобрување и развој на инфраструктурата, унапредување на безбедноста на воздушниот сообраќај.

**Програмата е хоризонтална.**

**Образложение:** Програмата Администрација произлегува од: Стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2022 година и тоа приоритетите од Член 1 на Одлуката:

- Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните,
- модерна и ефикасна јавна администрација, базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти и
- успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија

**Стратешките приоритети и цели на Министерството за транспорт и врски**:

- Зголемување на економскиот раст преку реализација на проекти за подобрување на целокупната инфраструктурна мрежа во Република Северна Македонија;
- управување и одржување на транспортните служби, инфраструктура и мрежи за добивање на оптимална ефикасност;
- подобрување на транспортот во сите сегменти – патен, железнички, воздушен, како и во внатрешната пловидба.

| **Очекувани резултати (компоненти) од Програмата: „Сообраќај и комуникации“ (20, 2М):** | |
|---|---|
| **Резултат 1:**<br>Плаќање членарини во меѓународни организации | **Показател за успешност:**<br>Учество во меѓународни организации од областа на патниот транспорт, железницата и внатрешната пловидба. |
| **Резултат 2:**<br>Исплата на субвенции за авиопревозник | **Показател за успешност:**<br>Формирање на поконкурентни и подостапни цени во воздушниот сообраќај. |
| **Резултат 3:**<br>Подобрување на условите за внатрешна пловидба | **Показател за успешност:**<br>Со обележување на пловните патишта, поставените пловидбени знаци и светилници, подготвените проект и санација на пристаништата, ќе се постигне поголема безбедност за учесниците во внатрешната пловидба. |
| **Резултат 4:**<br>Плати и придонеси за социјално осигурување за вработените (програма 2) | **Показател за успешност:**<br>Овозможување навремена ислата на вработените во Министерството за транспорт и врски и подмирување на потребните придонеси. |
| **Резултат 5:**<br>Софтверски решенија за превозот во патниот сообраќај | **Показател за успешност:**<br>Модернизација и подобрување на услугите во делот на превозот. |
| **Резултат 6:**<br>Ревизија на проектна документација за мултимодален јазол во Трубарево | **Показател за успешност:**<br>Успешно ревидирана проектна документација за мултимодален јазол. |
| **Резултат 7:**<br>Инвестиции во патна инфраструктура | **Показател за успешност:**<br>Изградба на нови патишта и рехабилитација на постојни. |
| **Резултат 8 :**<br>**Изградба на социјални станови** | **Показател за успешност:**<br>**Обезбедување на достоинствени услови за домување на социјално-ранливите категории на граѓани.** |

**План за спроведување на Програмата „Сообраќај и комуникации“:**

| **1. Плаќање членарини во меѓународни организации** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Одговорни** | **Консултиран** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | | | | | |
| | | | Почеток | Крај | **човечки** | | | **Финансиски (МКД)** | | |
| | | | (месец/година) | (месец/година) | I год | II год | III год | I год | II год | III год |
| **Членарина за CEMT** | МТВ | Сектор за патен сообраќај | 01/2023 | 12/2025 | 1 | 1 | 1 | 2.000.000 | 2.000.000 | 2.000.000 |
| **Членарина за OTIF** | МТВ | Сектор за железници | 01/2023 | 12/2025 | 1 | 1 | 1 | 600.000 | 600.000 | 600.000 |
| **Членарина за IMO** | МТВ | Капетанија на пристаништата | 01/2023 | 12/2025 | 1 | 1 | 1 | 1.000.000 | 1.000.000 | 1.000.000 |
| Вкупно активности во I година: | | | | | | | | **3.600.000** | | |
| Вкупно активности во II година: | | | | | | | | 3.600.000 | | |
| Вкупно активности во III година: | | | | | | | | 3.600.000 | | |
| **Вкупно за потпрограма 1:** | | | | | | | | **10.800.000** | | |

| **2. Субвенции за авиопревозник** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | | | | | |
| | | | Почеток | Крај | **човечки** | | | **Финансиски (МКД)** | | |
| | | | (месец/год.) | (месец/год.) | I год. | II год. | IIIгод. | I год. | II год. | III год. |
| Исплата за субвенции за авиопревозник | Сектор за воздухопловство | Министерство за финансии | 03/2019 | 03/2025 | 2 | 2 | 2 | 104.140.000 | 104.140.000 | 69.427.000 |
| Вкупно активности во I година: | | | | | | | | **104.140.000** | | |
| Вкупно активности во II година: | | | | | | | | 104.140.000 | | |
| Вкупно активности во III година: | | | | | | | | 69.427.000 | | |
| **Вкупно за потпрограма 2:** | | | | | | | | **277.707.000** | | |

| 3. Подобрување на условите за внатрешна пловидба | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорни | Консултира ни | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
| | | | Почеток | Крај | човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | | | I Год. | II год | III год | I год | II год | III год |
| Тековно одржување на постојна сигнализација на брег и во вода | Капетанија | | 01/2023 | 12/2025 | 1 | 1 | 1 | 780.000 | 780.000 | 600.000 |
| Тековно одржување на пристаништата во Охрид и Св. Наум | Капетанија | | 01/2023 | 12/2026 | 1 | 0 | 0 | 3.000.000 | 0 | 0 |
| Опрема за инспекциска служба | Капетанија | | 01/2023 | 12/2025 | 1 | 0 | 1 | 990.000 | 0 | 780.000 |
| Поправка и сервис на пловни објекти | Капетанија | | 01/2023 | 12/2025 | 1 | 1 | 1 | 180.000 | 180.000 | 180.000 |
| Проект за мултифункционален брод | Капетанија | | 01/2023 | 12/2025 | 1 | 0 | 0 | 3.000.000 | 0 | 0 |
| Купување на патролни чамци | Капетанија | | 01/2023 | 12/2025 | 1 | 0 | 0 | 4.000.000 | 0 | 0 |
| Брод за чистење на езерско дно | Капетанија | | 01/2024 | 12/2025 | 0 | 1 | 1 | 0 | 14.560.000 | 14.560.000 |
| Вкупно активности во I година: | | | | | | | | **11.950.000** | | |
| Вкупно активности во II година: | | | | | | | | 14.740.780 | | |
| Вкупно активности во III година: | | | | | | | | 16.120.000 | | |
| **Вкупно за потпрограма 3:** | | | | | | | | **42.810.780** | | |

| 4. Плати и придонеси за социјално осигурување за вработените – програма 2 | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорни | Консултира ни | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
| | | | Почеток | Крај | човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | | | I Год. | II год | III год | I год | II год | III год |
| 1.Основни плати и надоместоци | Сектор за финансиски прашања | Министерство за финансии | 01/2023 | 12/2025 | 3 | 3 | 3 | 30.820.000 | 32.361.000 | 33.980.000 |
| 2. Придонеси за социјално осигурување | Сектор за финансиски прашања | Министерство за финансии | 01/2023 | 12/2025 | 3 | 3 | 3 | 12.008.000 | 12.609.000 | 13.240.000 |
| Вкупно активности во I година: | | | | | | | | **42.828.000** | | |
| Вкупно активности во II година: | | | | | | | | 44.970.000 | | |
| Вкупно активности во III година: | | | | | | | | 47.220.000 | | |
| **Вкупно за потпрограма 4:** | | | | | | | | 135.018.000 | | |

| 5. Софтверски решенија за превозот во патниот сообраќај | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
| | | | Почеток | Крај | човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | | | I Год. | II год | III год | I год | II год | III год |
| 1.Адаптивно одржување на софтвери | Сектор за патен сообраќај | | 01/2023 | 12/2025 | 3 | 3 | 3 | 3.000.000 | 3.000.000 | 3.000.000 |
| Вкупно активности во Iгодина: | | | | | | | | **3.000.000** | | |
| Вкупно активности во IIгодина: | | | | | | | | 3.000.000 | | |
| Вкупно активности во IIIгодина: | | 3.500.000 | | | | | | 3.000.000 | | |
| **Вкупно за потпрограма 5:** | | | | | | | | **9.000.000** | | |

| 6. Ревизија на проектна документација за мултмодален јазол во Трубарево | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
| | | | Почеток | Крај | човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | (месец/год.) | (месец/год.) | I год. | II год. | IIIгод. | I год. | II год. | III год. |
| Ревизија на проектна документација за мултмодален јазол во Трубарево | Сектор за Европска Унија | | 2022 | 2024 | 0 | 2 | 0 | 0 | 1.500.000 | 0 |
| Вкупно активности во I година: | | | | | | | | **0** | | |
| Вкупно активности во II година: | | | | | | | | 1.500.000 | | |
| Вкупно активности во III година: | | | | | | | | 0 | | |
| **Вкупно за потпрограма 6:** | | | | | | | | **1.500.000** | | |

| 7. Инвестиции во патната инфраструктура | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
| | | | Почеток | Крај | човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | (месец/год.) | (месец/год.) | I год. | II год. | IIIгод. | I год. | II год. | III год. |
| Инвестиции во патната инфрструктура | | МФ | 2021 | 2027 | 2 | 2 | 2 | 15.375.000.000 | 15.375.000.000 | 15.000.000.000 |
| Вкупно активности во I година: | | | | | | | | **45.750.000.000** | | |
| Вкупно активности во II година: | | | | | | | | 7.700.000.000 | | |
| Вкупно активности во III година: | | | | | | | | 8.700.000.000 | | |
| **Вкупно за потпрограма 7:** | | | | | | | | **22.599.274.000** | | |

| **8. Проект за домување на социјално ранливи групи - Изградба на социјални станови** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | | | | | |
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | **човечки** | | | **Финансиски (МКД)** | | |
| | | | | | I год | II год | III год | I год | II год | III год |
| Изградба на социјални станови | МзТВ и АД за изгр.и стоп. со стан. простор | Банката за развој при СЕ - ЦЕБ и МФ | 2007 | 2023 | 2 | 0 | 0 | 500.000.000 | 0 | 0 |
| Вкупно активности во Iгодина: | | | | | | | | **500.000.000** | | |
| Вкупно активности во IIгодина: | | | | | | | | 0 | | |
| Вкупно активности во IIIгодина: | | | | | | | | 0 | | |
| **Вкупно за потпрограма 1:** | | | | | | | | **500.000.000** | | |

**Оправданост и дизајн на Програмата:**

**Назив на програмата: Урбанизам и градежништво**

**Цел на програмата:** Во функција на зголемен степен на уреденост на просторот на државата, односно подобрување на состојбата на покриеност со планска документација, од Буџетот се финансира Програмата за изработување на урбанистички планови. Со тоа се овозможува создавање на услови за побрза и поквалитетна изработка на урбанистички планови, поттикнување на обемот на градење и подигнување на квалитетот и управувањето со урбаните и руралните средини. Преку донесувањето на законската регулатива за уредување на просторот се создаваат услови за порационално планирање, организирање и користење н просторот, создавање на услови за хумано живеење и работа и поголемо вклучување на јавноста во постапката за донесување на урбанистичките планови.
Активностите кои се насочени кон подобрување на комуналната инфраструктура имаат за цел рехабилитација, односно изградба на нови водоводни системи, како и системи за отпадни води.

**НПАА: 3.14 – Сообраќајна политика**

**Показатели за успех на програмата:** Со реализацијата на оваа програма се овозможува создавање на услови за побрза и поквалитетна изработка на урбанистички планови, поттикнат е обемот на градење, а подобрени се и условите за живот во урбаните и руралните средини.

Со реализацијата на проектите за изградба на комунални системи, драстично се подобрува инфраструктурата и квалитетот на живеење.

**Програмата е хоризонтална.**

**Образложение:** Програмата Администрација произлегува од: Стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2022 година и тоа приоритетите од Член 1 на Одлуката:

- Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните.

**Стратешките приоритети и цели на Министерството за транспорт и врски**:

- Зголемување на економскиот раст преку реализација на проекти за подобрување на целокупната инфраструктурна мрежа во Република Северна Македонија и
- подобрување на животниот стандард на населението и заштита на животната средина преку зголемување на бројот на системи за водоснабдување и одведување на отпадни води.

| **Очекувани резултати (компоненти) од Програмата: „Урбанизам и градежништво“ (30,3Б, 3Г, 3Д, 3Л,):** | |
|---|---|
| **Резултат 1:**<br>Изработка на урбанистички планови | **Показател за успешност:**<br>Изработка на нови урбанистички планови, како поддршка за општините во Република Северна Македонија во насока на побрзо урбанизирање и уредување на просторот. |
| **Резултат 2:**<br>Проект за водоснабдување и одведување на отпадни води во општините во Република Северна Македонија | **Показател за успешност:**<br>Дополнителна реализација на потпроекти во рамките на проектот за водоснабдување и одведување на отпадни води во соработка со ЕИБ. |
| **Резултат 3:**<br>Водовод и канализација на општините- KfW | **Показател за успешност:**<br>Дополнителна реализација на потпроекти во рамките на проектот за „Водовод и канализација во општините“, кој се реализира во соработка со KfW. |
| **Резултат 4:**<br>Комунално-инфраструктурни проекти | **Показател за успешност:**<br>Подобрување на стандардот на живот во единиците на локалната самоуправа, преку реализација на проекти за подобрување на инфраструктурата. |
| **Резултат 5:**<br>Гасификација | **Показател за успешност:**<br>Продолжување на реализација на проектот преку преземање на одредени активности (експропријација, изградба на капацитети и сл.) |
| **Резултат 6:**<br>Плати и придонеси за социјално осигурување за вработените за програма 3 | **Показател за успешност:**<br>Овозможување навремена ислата на вработените во Министерството за транспорт и врски и подмирување на потребните придонеси. |
| **Резултат 7:**<br>Купување, надградба и одржување на информатичка опрема и машини | **Показател за успешност:**<br>Подобро функционирање и извршување на секојдневните активности кои произлегуваат од Годишната програма во Секторот за просторно планирање. |
| **Резултат 8:**<br>Други расходи | **Показател за успешност:**<br>Членство на Република Северна Македонија во Транспортната заедница,како и расходи по однос на данок за промет на недвижнини и надомест за одземен имот. |

## План за спроведување на Програмата „Урбанизам и градежништво“:

| План за спроведување на Програмата 3 - „Урбанизам и градежништво“ (30, 3Б, 3г, 3Д, ДА) | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. Изработка на урбанистички планови** | | | | | | | | | | |
| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | | | | | |
| | | | Почеток | Крај | **човечки** | | | **Финансиски (МКД)** | | |
